08-3063/2
12-01-2022

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-1317/1 од 22.02.2020 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1317/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-1317/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

Предметот е формиран за проверка на имотната состојба на лицето --------------------- , поранешен јавен обвинител ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- и за имотот на членовите на нејзиното семејство.

ДКСК на колегиум одржан на 26.09.2019 година по сопствена иницијатива одлучи да изврши проверка на податоците од Анкетниот лист и Изјавите за интереси на ------------------, поранешен јавен обвинител во --------------------------------------------------------------------------------------------------------------- и за имотот на членовите на нејзиното семејство по што беше оформен предмет број 08-4613/1 од 03.10.2019 година.

Бидејќи претходно е оформен предмет списите и документите од предмет број 08-1317/1 од 22.02.2020 да се спојат со предмет број 08-4613/1 од 03.10.2019 година.

ДКСК по сопствена иницијатива изврши увид за тоа дали поднеле Анкетни листови и изјави за интереси пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Изготвил: м-р Б.С, виш соработник
Одобрил: С.П.Д. член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**